Информативен билтен

*Овој информативен билтен се издава со помош на Проектот ‘‘Техничка помош за формирање на Дирекција за заштита на личните податоци и спроведување на принципите за заштита на податоците‘‘, финансиран од Европската Унија, а управуван од Европската Агенција за реконструкција. Наредните информативни билтени ќе бидат издавани од страна на Дирекција за заштита на личните податоци.*

***Намената на Информативниот билтен на Дирекцијата за заштита на личните податоци е да ги информира граѓаните за нејзините должности што се однесуваат на заштита на личните податоци, да ги објасни основните поими што се користат во оваа област и да го привлече вниманието на граѓаните на одредени непријатни, па дури и опасни ситуации кои можат да настанат доколку не се почитуваат принципите на заштитата на личните податоци. Живееме во време на огромен напредок на информатичката технологија, што исто така со себе повлекува опасност од зголемен ризик од потенцијално нарушување на нашата приватност. Неопходно е да бидеме свесни за овој факт. На почетокот на третиот милениум, приватноста и информациите за луѓето стануваат вредности кои луѓето сé повеќе ги ценат, ги негуваат исто толку колку и нивната слобода, па со оглед на тоа се обидуваат и подобро да ги заштитат.***

**Што се случува?**
**Кои сме ние? Што можеме да направиме за нашите граѓани?**
**Како да ја заштитиме нашата приватност, да ја почитуваме приватноста на другите и соодветно да ја поставиме рамката на заштита на личните податоци?**
**Пристап до приватноста**

***Личните податоци овозможуваат пристап до Вашата приватност. Вие одлучувате кого ќе пуштите, кому ќе му дозволите, а кому ќе му забраните пристап до Вашата приватност. Законот за заштита на личните податоци е правната рамка која ќе Ви помогне како правилно да го направите тоа.***

Заштитата на личните податоци е релативно нова област во опсежната топографија на законите. Правото на заштита на личните податоци се појави со цел да обезбеди заштита на личните податоци на луѓето од евентуална нивна злоупотреба. По својата природа, заштитата на личните податоци е блиска до заштитата на приватноста од која, со развојот на општеството, се одвоила. Претставата на луѓето за тоа што всушност значи приватноста е различна, но сепак заедничко е што сите сме свесни за потребата од поседување на своја приватност. Без тоа би претставувале само обични кукли во сценариото на животот.

Кога се спушта ноќта, повеќето луѓе ги спуштаат завесите во домот. Природно е да чувствуваме дека просторот што е предвиден за нас, за нашето семејство и пријателите е наш приватен простор, кој сакаме да го заштитиме од погледите на другите луѓе.

Исто така, вообичаено се обидуваме нашите лични, семејни и други важни документи да ги чуваме, да не ги покажуваме непотребно на други луѓе и да не ги зафрлиме или изгубиме некаде. Нашата личност има право на приватност, со сите наши внатрешни чувства и односи, нашето здравје, нашата интимност, нашата сопственост и нашите политички ставови. Општо земено, повеќето од нас се обидуваат да не го откријат непотребно своето внатрешно „јас“, бидејќи природно чувствуваме дека на тој начин нашата личност губи нешто многу важно.

Во денешно време, заштитата на личните податоци е многу сложена, динамична и до одреден степен зависна од брзиот развој на информатичката технологија. Пред 20 или 30 години, никој не замислувал дека еден ден ќе користиме мобилни телефони или ГПС, ќе бидеме набљудувани со камери или чипови. Технологијата ни го олеснува секојдневниот живот, но истовремено, негативно влијае и врз нашата приватност. Тешко е да се предвиди што ќе донесе иднината.

Дали има причина за загриженост? Во современото информатичко општество, полно со разни бази на податоци и регистри, мнозина од нас се загрижени од непријатната визија на Орвеловската држава со нејзиниот Голем брат (види: Џорџ Орвел, 1984, роман) каде што личните податоци на граѓаните без ограничувања се собираат, пренесуваат и се употребуваат за најразлични цели.

Заштитата на личните податоци е нова тема која навлегува со растечка брзина и интензитет во нашите секојдневни животи и станува сè поважна. Оттука, важно е принципите на заштитата на личните податоци да станат дел од познавањата на секого. Сериозноста и важноста на оваа тема се рефлектира и во вниманието што Европската Унија го посветува на заштитата на личните податоци.

Европските документи посветени на заштитата на личните податоци ќе бидат посебна тема во некој од нашите наредни Информативни билтени.

Собранието на Република Македонија го усвои Законот за заштита на личните податоци во 2005 година.

Со донесување на Законот беше основана Дирекцијата за заштита на личните податоци, како независен државен орган задолжен за надзор над спроведувањето на обврските пропишани со Законот, при обработката на личните податоци, но и како орган сервисно ориентиран кон граѓаните во случај на нарушување на нивната приватност.

Со глобализацијата и користењето на информатичкото општество, нашата приватност е изложена на сè поголеми ризици. Бидејќи правото на заштита на нашиот приватен и семеен живот е основно човеково право, неопходно е тоа право да се заштити како една од основните демократски вредности во третиот милениум.



An-EU Funded Project Managed by European Agency for Reconstruction



***Повеќе информации за Законот за заштита на личните податоци, за Дирекцијата за заштита на личните податоци, за нејзините обврски, задачи и активности и меѓународните активности во оваа област се достапни на Интернет страната на Дирекцијата [http://www.dzlp.gov.mk](http://www.dzlp.gov.mk). Во 2006 година, Дирекцијата за заштита на личните податоци со поддршка од Проектот финансиран од ЕУ и воден од Европската агенција за реконструкција, изготви брошура-Водич за личните податоци на граѓаните, која исто така можете да ја најдете на гореспоменатата Интернет страна***

**Запомнете: Еднаш изгубената приватност тешко се добива повторно.**

## Што?

*Што е личен податок?*

Наједноставно кажано, кога некого познаваме, тогаш секоја информација поврзана со таа личност е негов личен податок. На пример, ако работите подолго време со некој колега/колешка, го знаете неговото/нејзиното име, неговата/нејзината брачна состојба, дали и колку деца има, колку често се разболува, кое е неговото/нејзиното хоби итн. Тоа се прилично голем број лични информации!

Законот за заштита на личните податоци овие податоци ги штити само во одредени ситуации. На пример, кога некој сосед во зградата каде што живее вашиот колега, би рекол нешто непристојно за него, тој може да се брани, во некои случаи дури и врз правна основа. Сепак, во овој случај нема да се примени Законот за заштита на лични податоци. Тогаш се прашувате - што штити овој Закон? Затоа, прво мора да одговориме на второто прашање.

## Како?

*Како треба да се обработуваат податоците за да бидат заштитени согласно овој Закон?*

Податоците постојано се подложени на определена операција т.н. обработка. Најчесто се случува една личност да има податоци за голем број на луѓе во својот компјутер, евиденција, лаптоп или архива. Опасноста лежи во фактот дека значителна количина на ист вид податоци за многу луѓе е акумулирана на едно место и дека овие податоци можат да се искористат за сосема различни цели, дури и со цел да и се наштети на одредена личност или да се дознае нешто за нејзиниот приватен живот. Според тоа, Законот за заштита на личните податоци ги штити личните податоци во овие систематски изведувани операции - обработки.

Законот за заштита на личните податоци регулира разни листи, регистри и архиви.

Сигурно се прашувате: Дали јас сум обработувач ако имам листа на имиња, адреси и телефонски броеви на моите пријатели меморирани во мојот мобилен телефон, лаптоп или компјутер? Не сте. Ако ги поседувате овие податоци исклучиво за Ваша лична употреба, тогаш не морате да ги задоволувате принципите согласно Законот.

Сепак, правно лице (државен орган или приватна фирма) кое чува податоци за своите вработени, своите клиенти, понатаму лекарот или медицинската сестра кои чуваат медицинско досие за пациентите, училиштето кое води евиденција за своите ученици, матичарот кој чува податоци за раѓањата и венчавките, полицијата која води персонални досиеа, сите тие согласно Законот за заштита на личните податоци се контролори на збирки на лични податоци.

## Зошто?

*Зошто се обработуваат личните податоци?*

Постојат разни причини за вршење на обработка на личните податоци. Некои ги обработуваат личните податоци бидејќи се законски обврзани на тоа, како што се лекарите, матичарите, училиштата, полицијата и работодавачите. Некои треба да ги обработуваат личните податоци едноставно за да ги достават нарачаните стоки на вистинската адреса и да обезбедат гаранции за нив. Некои сакаат да дознаат какви производи и стоки би сакале да купиме, какви услуги да добиеме и што да ни понудат. За таа цел, тие сакаат да го дознаат нашето име и адреса и да ги евидентираат нашите потрошувачки навики.

Секоја обработка мора да има цел. Понекогаш целта произлегува директно од закон. Во секој случај, контролорот е обврзан точно да ја одреди целта на обработка и да добие само онолку податоци колку што е потребно за остварување на таа цел. Доколку притоа не дадеме согласност за користење на податоците и за друга цел, оној кој ги обработува овие податоци за нас може да ги користи само за остварување на целта за која се дадени.

На пример, ако лекарот нè праша дали имаме здравствени проблеми кои бараат употреба на лекарства, ние треба да му ги дадеме овие податоци и тој може да го внесе во нашиот здравствен картон, бидејќи тоа одговара на причината поради која се води картонот.

Ако сопственикот на хотелот каде што престојуваме ни го постави истото прашање, ќе му одговориме само доколку сакаме да му одговориме. Ако тој ги внесе податоците за нашата здравствена состојба во хотелската книга на гости, тој ќе го прекрши Законот за заштита на личните податоци, бидејќи тоа не соодветствува на целта поради која таа се води.

Понатаму, контролорот не може да ги чува личните податоци подолго од потребното време за остварување на целта. Имено постојат бројни причини поради кои на контролорот сеуште му се потребни нашите податоци. На пример, може да постои законски период. Оттука, периодот во кој контролорот може да ги чува податоците може да биде подолг отколку што мислиме.



An-EU Funded Project Managed by European Agency for Reconstruction

## Кога?

*Кога контролорот може да ги обработува личните податоци?*

Кога постои **согласност,** а по исклучок и без согласност. Законот за заштита на личните податоци како основен услов за чување и обработка на личните податоци на една личност ја предвидува согласноста или како што е предвидено во законот - согласност на **субјектот на лични податоци.** Постојат бројни исклучоци од овој основен услов кога контролорот не мора да има согласност за обработка.

Имено законот бара да се чуваат лични податоци на пример кај лекарот, во училиштето или од страна на полицијата.

Оттука, кога контролорите имаат законски основ за собирањето на личните податоци, тие не мораат да бараат согласност од нас.

На пример, во хотелот во кој престојуваме можат да ги запишат нашето име и адреса, кои ќе послужат во случај да заминеме без да платиме. Кога склучуваме договор за испорака на производи, мора да го кажеме нашето име и адреса, за да можат производите да ни бидат доставени.

Сепак, кога купуваме во продавница, ако продавачот нѐ праша за името, адресата, возраста или во врска со нашата работа, кои ни се интересите и што сакаме да купуваме или ако сака тоа да го внесе во однапред подготвен прашалник, тогаш треба внимателно да размислиме дали треба да откриеме толку податоци за себе.

Важно е да се знае дека секој контролор кој од нас добива лични податоци е обврзан да ни одговори на прашањето што обработува, како, и за кои цели го прави тоа. За ова може да ни одговори и дополнително, секогаш кога тоа ќе го побараме од него. Контролорот исто така мора соодветно да ги заштити нашите лични податоци, на начин што лицата кои немаат право на пристап до овие податоци, ќе бидат оневозможени во тоа.

Секогаш кога не сме задоволни со начинот на кој се штитат нашите личните податоци од страна на контролорите, односно кога сметаме дека истите можеби се злоупотребуваат или се злоупотребени, можеме да поднесеме Барање за утврдување повреда на право до Дирекцијата за заштита на личните податоци.

Целта на Законот за заштита на личните податоци е светот во кој живееме и каде што расат нашите деца, а во кој се полесно може да се дојде до разни податоци, вклучувајќи и лични, да остане место во кое ќе имаме право на приватноста. Да ја зачуваме нашата приватност! Тоа е наше право. И европските законски норми за човечките права кои се камен-темелник на нашата цивилизација се залагаат за тоа.

## Право на заштита на личните податоци

Правото на заштита на личните податоци, претставува едно од основните човекови слободи и права, гарантирано со ***Европската конвенција за човекови права*** од 1951 и ***Конвенцијата за основни права на Европската унија*** од 2000 година, како и со ***Уставот на РМ (член 18)***. Во зависност од тоа колку ова право се почитува, се определува и степенот на демократијата и владеењето на правото во една држава.

## Законска рамка за заштита на личните податоци во РМ

Клучен законски текст во областа на заштита на личните податоци во РМ е ***Законот за заштита на личните податоци*** кој е донесен во јануари 2005 година и во голема мерка е усогласен со европската регулатива во оваа област, што е во функција на евроинтегративниот процес на РМ.

Главна цел на Законот е заштита на приватноста на поединците при обработката на личните податоци. Законот ги штити граѓаните од нелегалното собирање и обработување на личните податоци.

Важна карактеристика на овој закон е што тој создава само права за граѓаните, а обврски за државните органи, институции, приватните компании, невладини организации и сите други иматели односно водители на збирки на лични податоци кои ги утврдуваат целите и начинот на обработка на личните податоци (контролори).

Законската рамка за заштита на личните податоци ја сочинуваат и ***Европската Конвенција за човекови права*** и ***Конвенцијата за заштита на физичките лица која се однесува на автоматската обработка на личните податоци на Совет на Европа бр.108/81*** што РМ ги има ратификувано и кои претставуваат два правни документи за заштита на приватноста на граѓаните и на секоја индивидуа. Врз основа на Законот за заштита на личните податоци, на 22 јуни 2005 година е формирана ***Дирекција за заштита на личните податоци***.

## Мисијата на Дирекцијата

Мисијата на Дирекцијата е да обезбеди транспарентност и информираност на граѓаните за правото на заштита на личните податоци и целосна заштита на ова право од било какви злоупотреби при собирањето, обработката и чувањето на личните податоци на граѓаните, како и неовластени промени, уништување и пренос на личните податоци.

Дирекцијата е основана заради вршење надзор над законитоста на преземените активности при обработувањето на личните податоци и нивната заштита на територијата на RM.

### Интервју со д-р Карел Нојвирт, ТЛ на проектот



*Господине Нојвирт, Вие сте Раководител на проектот. Колку долго сте тука и како соработувате со македонските колеги?*

Проектот финасиран од ЕУ е техничка помош на Дирекцијата за поддршка на развојот на законската рамка и капацитетите на институциите во примената на принципите на заштита на личните податоци во секојдневната практика, како и ефикасно спроведување на законодавството за заштита на личните податоци. Заштитата на податоци е дел од заштитата на приватноста. И двете се важни за квалитетот на животот на граѓаните во секое демократско општество.

Проектот започна во јуни 2006 година и завршува во ноември оваа година. Јас имав добра можност да го следам напредокот на Дирекцијата во својата работа, проширувањето на кадровските

капацитети, како и подобрувањето на македонското законодавство во областа на приватноста. Дирекцијата почна со соработка со европските тела за заштита на податоци и вработените со ентузијазам пристапуваат на сите прашања поврзани со заштитата на личните податоци.

*Што треба да се направи во рамките на проектот?*

Проектот постави голем број основни правни документи и препораки како да се реализираат принципите на заштита на податоци во македонскиот правен систем. Експертите на проектот поминаа многу часови дискутирајќи со експертите од Дирекцијата. Тие организираа неколку семинари, не само за вработените во Дирекцијата, туку и за претставниците на контролорите и обработувачите на податоци. Во рамките на проектот беа изготвени одреден број правилници, прирачници и водичи кои се корисни за Дирекцијата, не само за сега, туку се надевам и за во иднина. Проектот организираше неколку кампањи чијашто цел беше зголемување на јавната свест за заштита на личните податоци. Експертите се сретнаа со ученици и студенти, разговараа со нив за аспектите на приватноста. Тоа беше пријатно и интересно искуство. На крај, проектот финансираше некои подобрувања на компјутерските апликации во работата на Дирекцијата (на пример: нова Веб страна и Централен регистар за евиденциите на збирките на лични податоци што ги водат контролорите).

*Господине Нојвирт, проектот на европска поддршка на македонската дирекција не е прviот ЕУ проект на кој сте работеле. Како претседател на Канцеларијата за заштита на податоци, вие започнавте твининг проект и во Босна и Херцеговина. Може ли да го споредите пристапот на ЕУ во полето на помош на Балканските земји?*

Постојат некои сличности во примената на принципите на заштита на податоци во пракса, како и во спроведувањето на законодавството за приватноста. Секако, постојат и разлики. Ова не важи само за Балканот, туку и за цела Европа. Според моето искуство, мислам дека Македонија има добра основа да биде една од земјите со најдобро спроведување на заштитата на податоци. Дирекцијата има шанса да биде искусен партнер со другите Европски надзорни тела. Она што и е потребно на Дирекцијата е поддршка и од останатите институции на системот. Јас верувам во понатамошниот развој на заштитата на приватноста во Македонија и ќе го следам овој развој, бидејќи поминав значаен период тука и навистина голем впечаток ми остави спремноста за прифаќање на новите идеи и предизвици од страна на вработените во Дирекцијата.

**Интервју со г-ѓа Маријана Марушиќ, директор на Дирекцијата за заштита на личните податоци**



*Г-ѓа Марушиќ, кои се најзначајните функции на Дирекцијата за заштита на личните податоци?*

Основните функции на Дирекцијата се вршењето надзор над законитоста на обработката на личните податоци и постапување по барања на граѓани за утврдување на повреда на правото на заштита на личните податоци.
Друга, не помалку значајна функција на Дирекцијата е и давањето на стручни мислења по однос на прашања на физички и правни лица во врска со заштитата на личните податоци, по однос на предлог законските текстови и меѓународни договори кои содржат одредби за заштита на лични податоци, подзаконски акти на контролорите, како и оценки за тоа дали во одредени случаи се исполнети условите за вршење пренос на лични податоци во други држави.
Остварувањето на меѓународна соработка со странски организации и институции од областа на заштитата на личните податоци, исто така би ја издвоила како многу значајна функција, која се појави како приоритет уште од основањето на Дирекцијата. Во услови на непостоење на домашна практика, немавме друг начин како да ја поставиме основата и да ја градиме Дирекцијата, освен преку црпење искуство од соодветните институции во другите европски земји.

*Кои се досега најчестите прекршувања на Законот за заштита на личните податоци констатирани од страна на Дирекцијата?*

Од досега спроведените надзори како најчести ги констатиравме следните прекршувања на Законот:
- Чување на податоците по остварување на целта,
- Преобемност на податоци,
- Несоодветно обезбедување на согласност за користење на личните податоци за комерцијални цели,
- Непостоење на интерен акт за технички и организациски мерки за заштита на личните податоци,
- Непостоење на физички заштитени простории за чување на документи со лични податоци и др.

Досега, предмет на наша контрола беа институциите од областа на финансиското работење, телекомуникациите, поштенските услуги, социјалната заштита и други контролори кои располагаат со пообемни збирки на лични податоци.

*На што најмногу се жалат граѓаните?*

Граѓаните најчесто се жалат на:
- Неовластено објавување на ЕМБГ;
- Неовластено објавување на лични податоци на Интернет;
- Неовластено давање лични податоци на користење на друг контролор;
- Крадење на идентитет;
- Неовластен пренос на лични податоци во друга држава;
- Користење на личните податоци за комерцијални цели, без да се обезбеди релевантна согласност за тоа;
- Неовластено бришење на лични податоци од е-маил.

*Кои се главните активности и мерки на кои моментно се фокусира Дирекцијата?*

Во моментов, Дирекцијата е насочена кон исполнување на неколку активности:
- Подготовка на работен текст за измени и дополнувања на Законот за заштита на личните податоци. Текстот е во финална фаза и е доставен на мислење на релевантните институции. Во скоро време очекуваме да биде усвоен од Собранието на Република Македонија. Измените и дополнувањата на Законот воглавно се однесуваат на засилување на независноста на Дирекцијата и

зголемување на нејзините надлежности. Со измените и дополнувањата на Законот ќе се постигне негова целосна усогласеност со европската регулатива, како и со одредбите на новиот Закон за прекршоци.

- Активности поврзани со постапката за потпишување на Дополнителниот Протокол на Конвенцијата 108/81 на Советот на Европа и донесување на Закон за негова ратификација. Врз основа на изготвената Информација до Владата на Република Македонија, за потребата од негово потпишување, оваа активност е веќе отпочната пред Министерството за надворешни работи, што секако претставува чекор напред во оваа област во процесот на нашето евроинтегрирање.
- Воспоставување на Централен регистар, како помошен инструмент, во функција на остварување на правото на информирање на граѓаните за збирките на лични податоци што се водат од страна на контролорите. Проектното решение за поставување на Централниот регистар и неговото програмирање се завршени. Следува тестирање на истиот и се очекува негово пуштање во функција до крајот на оваа година.

*Кој е клучниот приоритет на Дирекцијата за заштита на личните податоци ?*

Клучен приоритет на Дирекцијата е подигнување на јавната свест и информирање на граѓаните во Република Македонија за правото на заштита на личните податоци, како дел од правото на приватност и неговата улога во подобрување на квалитетот на живеење во демократското општество.
Нашата тенденција за афирмирање на ова значајно човеково право пред македонската јавност ја оствaруваме преку организирање на прес конференции, интервјуа и прилози во печатените и електронските медиуми, разни состаноци, трибини и тркалезни маси за различни целни групи.

*Кои чекори ги презема Дирекцијата заради подигање на јавната свест на граѓаните за заштита на личните податоци?*

Заради полесно функционирање на Дирекцијата и нејзино полесно приближување до граѓаните но и до контролорите, Дирекцијата за заштита на личните податоци изготви нова Веб страна: www.dzlp.gov.mk каде сите заинтересирани субјекти на лични податоци и контролори ќе се информираат за своите права но и за своите обврски согласно Законот за заштита на личните податоци. На Веб страната, Дирекцијата ќе ги објавува сите новости во врска со заштитата на лични податоци во Република Македонија и регулативата на ЕУ.
Секако, во план е да се спроведе и анкета за истражување на јавното мислење, да се изработи ТВ спот, с`е во функција на едукација на граѓаните за правото на заштита на личните податоци.
На крај, би сакала да го изразам своето уверување дека Дирекцијата како самостоен и независен државен орган, ќе ги достигне поставените европски стандарди во оваа област, што ќе претставува значаен придонес на патот на интегрирањето во ЕУ, како главна стратегиска цел на Република Македонија.

**Корисни веб-сајтови**
www.dzlp.gov.mk – Дирекција за заштита на личните податоци
www.edps.europa.eu – Европски надзорен орган за заштита на личните податоци
www.ec.europa.eu/justice_home/fsj/privacy - Европска комисија
www.coe.int/T/E/legal_affairs/legal_co-operation/Data_protection - Совет на Европа
www.oecd.org/sti/security-privacy - Организација за економска соработка и развој
www.unhchr.ch/hchr_un.htm - Обединето нации, центар за човекови права
www.edri.org – Европски дигитални права
www.ceecprivacy.org – Заштита на приватноста, мрежа на земјите од Централна, Источна Европа, балтичките земји и земјите од Балканот
www.statewatch.org - State watch monitoring
www.privacyinternational.org – Privacy International
www.privacy.org – Вести и информации за приватноста
www.epic.org – Electronic Privacy International center
www.eff.org – Electronic Frontier Foundation



An-EU Funded Project Managed by European Agency for Reconstruction